Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: 29.11.2016 | | | |
| --- | --- | --- | --- |
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 03 | 6090 | 1 | |

18:44

До:
д-р Зоран Трајчевски, директор
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

Врз основа на член 196-г и член 196-ѓ од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија" бр.40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16 и 142/16), а во врска со Корегираниот писмен извештај за извршен надзор (мониторинг) на Трговското радиодифузно друштво АЛСАТ – М ДОО Скопје, бр.10-6026/3 од 28.11.2016 година, Привремената комисија за следење на медиумско претставување, доставува:

# П Р Е Д Л О Г
## за изрекување мерка

До Привремената комисија за следење на медиумско претставување доставен е Корегираниот писмен извештај за извршен надзор (мониторинг) на Трговското радиодифузно друштво АЛСАТ – М ДОО Скопје, бр.10-6026/3 од 28.11.2016 година, емитуван во периодот од 21 до 23 ноември 2016 година.

Предмет на извршениот надзор (мониторинг) е член 75-ѓ став 1 од Изборниот законик („За време на изборната кампања и во првиот и во вториот круг на гласање, радиодифузерите кои ги покриваат изборите можат да емитуваат вкупно 18 минути дополнително време за рекламирање на реален час емитувана програма исклучиво наменети за платено политичко рекламирање, од кои за политичките партии на власт можат да одвојат најмногу осум минути, за политичките партии во опозиција кои се застапени во Собранието на Република Македонија можат да одвојат најмногу осум минути, за политичките партии во Собранието на Република Македонија кои немаат пратеничка група можат да одвојат една минута, а за политичките партии кои не се застапени во Собранието на Република Македонија можат да одвојат една минута").

По разгледување на Корегираниот писмен извештај за извршен надзор (мониторинг) на Трговското радиодифузно друштво АЛСАТ – М ДОО Скопје, бр.10-6026/3 од 28.11.2016 година, Привремената комисија за следење на медиумско претставување предлага да се покрене прекршочна постапка во која судот ќе изрече прекршочна санкција – опомена за прекршување на член 75-ѓ став 1 од Изборниот законик.

## О б р а з л о ж е н и е

До Привремената комисија за следење на медиумското преставување доставен е Корегираниот писмен извештај за извршен надзор (мониторинг) на Трговското радиодифузно друштво АЛСАТ – М ДОО Скопје, бр.10-6026/3 од 28.11.2016 година, емитуван во периодот од 21 до 23 ноември 2016 година.

По разгледување на Корегираниот писмен извештај за извршен надзор (мониторинг) на Трговското радиодифузно друштво АЛСАТ – М ДОО Скопје, бр.10-6026/3 од 28.11.2016 година, Привремената комисија констатираше дека Трговското радиодифузно друштво АЛСАТ - М ДОО Скопје, во рамките на својот програмски сервис емитуван на 21, 22 и 23 ноември 2016 година, на државно ниво, спротивно на одредбите од член 75-ѓ став 1 од Изборниот законик, во еден реален час емитувана програма, емитуваше повеќе од 8 минути платено политичко рекламирање за политичките партии во опозиција кои се застапени во Собранието на Република Македонија, а во три реални часа емитувана програма, емитуваше повеќе од 1 минута платено политичко рекламирање за политичките партии кои не се застапени во Собранието на Република Македонија. Имено, во реалниот час од 18:00 до 19:00, на 23 ноември 2016 година, за

учесник во изборната кампања од политичките партии во опозиција, наместо најмногу 8 минути емитуваше 8 минути и 59 секунди. На 21 ноември 2016 година, во реалниот час од 16:00 до 17:00, за учесник во изборна кампања од политичките партии кои не се застапени во Собранието на Република Македонија, наместо најмногу 1 минута емитуваше 1 минута и 35 секунди. На 22 ноември во реалниот час од 15:00 до 16:00, за истиот учесник во изборна кампања, наместо најмногу 1 минута емитуваше 1 минута и 17 секунди. На 23 ноември 2016 година, во реалниот час од 19:00 до 20:00, за два учесника во изборната кампања од политичките партии кои не се застапени во Собранието на република македонија наместо најмногу 1 минута, емитуваше 1 минута и 22 секунди.

Прекршокот е констатиран и е специфициран (по опис на констатации од надзорот, датум на прекршок, период на емитување на рекламирањето, вкупно времетраење и нарачател) во Корегираниот писмен извештај за извршен надзор (мониторинг) на Трговското радиодифузно друштво АЛСАТ – М ДОО Скопје, бр.10-6026/3 од 28.11.2016 година, во точка 6. „Констатации од надзорот“.

Врз основа на предходно наведеното, со оглед дека прекршокот е сторен за прв пат, Привремената комисија за следење на медиумското претставување предлага да се покрене прекршочна постапка во која судот ќе изрече прекршочна санкција – опомена.

**Членови на Привремената комисија за следење на медиумско претставување:**

1. Љуљзим Хазири ____________________
2. Слаѓана Димишкова ____________________
3. Љубомир Костовски ____________________
4. Горан Трпеноски ____________________
5. Цветин Чилиманов ____________________